# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Кога судија е времено оддалечен од вршење на судиската функција, а во законот нема експлицитна одредба што со предметите кои му се доделени во работа, ќе се постапува на следниот начин:**

**- во предметите каде е објавена одлуката, а писмено не е изготвена и потпишана од судијата, со Одлука Претседателот на судот ќе определи судија, кој писмено ќе ја изработи одлуката, во состав на судот – советот кој го пресудил предметот и ќе ја потпише со запирка.**

**- во предметите каде одлука не е објавена, и кај оние предмети каде главниот претрес е завршен, одлуката не е објавена, а е изготвена во АКМИС и не е верификувана, ќе се преотвори нов главен претрес и ќе се донесе и објави одлука од судијата – (советот) на кој тој предмет му е доделен во работа.**

## О б р а з л о ж е н и е

До Врховниот суд на Република Македонија со писмен допис се обрати Претседателот на Основниот суд Велес со барање Врховниот суд на Република Македонија да донесе правно мислење како да се постапува со предметите кога судија со решение на Судскиот совет на Република Македонија е времено оддалечен од вршење на судиската функција, а во законот нема експлицитна одредба што со предметите кои му се доделени во работа.

Во Законот за кривичната постапка, а и во другите закони кои се во сила и важат на целата територија на Република Македонија, оваа состојба не е регулирана.

Од законите и праксата на другите држави, како на пример во Република Хрватска, ваквата правна ситуација е регулирана на следниот начин: во предметите каде е објавена одлуката, а писмено не е изготвена и потпишана од судијата, со Одлука Претседателот на судот ќе определи судија, кој писмено ќе ја изработи одлуката.

Со оглед на наведеното, Врховниот суд на Република Македонија, со оглед на ваквата состојба на работите ова правно прашање го стави на дневен ред на седница на Одделот за казниви дела на која се донесе правно мислење: Кога судија е времено оддалечен од вршење на судиската функција, а во законот нема експлицитна одредба што со предметите кои му се доделени во работа, во предметите каде е објавена одлуката, а писмено не е изготвена и потпишана од судијата, со Одлука Претседателот на судот ќе определи судија, кој писмено ќе ја изработи одлуката, во состав на судот – советот кој го пресудил предметот и ќе ја

потпише со запирка. Во предметите каде одлука не е објавена, и кај оние предмети каде главниот претрес е завршен, а одлука не е објавена, а е изготвена во АКМИС и не е верификувана, ќе се преотвори нов главен претрес и ќе се донесе и објави одлука од судијата – (советот) на кој тој предмет му е доделен во работа.

Ова правно мислење да се објави на веб страната на Врховниот суд на Република Македонија.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**на Одделот за казниви дела**
**Лидија Неделкова**